**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6551 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 ноември до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 18 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*“
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*“
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Извештајот за програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ХДТВ КАНАЛ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, кој емитува програма на македонски јазик, на регионално ниво (Д3), се однесува на периодот на изборната кампања, од 21 ноември до 9 декември 2016 година. Во согласност со Методологијата, анализата на изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии е направена врз деветнаесет изданија на дневно-информативната емисија, Дневник во 20 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 13 минути и 54 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ХДТВ КАНАЛ ПЛУС | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:10:21 | 49.01 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:39 | 40.96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:05 | 5.13 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:02 | 4.89 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:21:07** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ДИК и други органи | 00:16:39 | 40.45 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:21 | 3.28 | % |
| Други субјекти | 00:10:09 | 24.66 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:58 | 9.64 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:57 | 7.17 | % |
| Без субјекти | 00:03:13 | 7.81 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:35 | 3.85 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:18 | 3.16 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:41:10** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:41:12 | 55.05 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:06:24 | 36.12 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:40 | 1.45 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:07:27 | 4.05 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:05:21 | 2.91 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:45 | 0.41 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:03:49** | **100** | **%** |
| **Вкупно:** | **04:13:54** | | |

Делот од прилозите во кои преку информативни жанрови се известуваше за кампањите на политичките партии и коалиции сочинува 3 часа 3 минути и 49 секунди (Табела 1). Ова е сегментот од

вестите од кој се извлекуваат квантитативни оценки за балансот во известувањето, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, при што треба да се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите. Исто така, треба да се има предвид дека ХДТВ Канал Плус емитува програма на подрачјето на ИЕ3, каде се кандидираа 8 учесници во изборниот процес (Коалиција за промени и правда, Либерална партија, Левица, ДПА, Коалицијата на СДСМ, Коалицијата ВМРО за Македонија, ДУИ и Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ).

Најмногу време има за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 1 час 41 минута и 12 секунди (55,05%). Потоа за Коалицијата предводена од СДСМ - 1 час 6 минути и 24 секунди (36,12%). Од субјектите со по 7 листи има информации и за Коалицијата ВМРО за Македонија - 7 минути и 27 секунди (4,05%), и за ДУИ - 2 минути и 40 секунди (1,45%). За активностите на Коалицијата за промени и правда која има шест кандидатски листи одвоени се 5 минути и 21 секунда (2,91%). За ДПА одвоени се 45 секунди (0,41%) во воведниот прилог на вестите од 21 ноември за отпочнување на изборните кампањи на партиите. Не е известувано за Левица и Либерална партија кои имаа по пет потврдени кандидатски листи и имаа листи и во ИЕ3.

За активностите на власта е информирано во прилози со информативни жанрови кои траат 21 минута и 7 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: 140 милиони евра за хидромелиоративни системи; Утре ждребување за бесплатно рекламирање; Нема интерес за бесплатно рекламирање во Штип; Владата сервис на стопанството; 820 милиони денари за субвенционирање на лицата со инвалидитет за нивно вработување со изјава на дополнителниот заменик министер за труд и социјала, Диме Спасов; Во Штип засадени 50 илјади дрвца; Во Кочанско засадени 34 илјади садници, со изјава на премиерот Емил Димитриев; Пошумени 2 хектари во М.В. „Попова Чука"; Потпишан договорот за изградба на експресен пат Штип-Кочани; Димитровски со реакција по одржаниот прес на СДСМ-Кочани; Унгарскиот амбасадор во посета на Штип, емитувани изјави од Ласло Дукс и од градоначалникот на Штип, Илчо Захариев. Временски најзастапена во оваа категорија е Владата на РМ со 10 минути 21 секунда (49,01%). Сите други субјекти се застапени со помалку од десет минути.

Другите теми поврзани со изборите, а кои се обработени преку информативни жанрови, сочинуваат 41 минута и 10 секунди од вестите (Табела 1). Од тоа најголем дел, во траење од 16 минути и 39 секунди (40,45%) се прилозите во кои ДИК информира за изборниот материјал, намалениот број на избирачки места во Штип и во Кочани, избирачкиот список, задолжителната едукација, бројот на набљудувачи и странски новинари кои ќе ги следат парламентарните избори, начинот на спроведување на изборите и др. Методолошката категорија *Други субјекти* во вестите е застапена со 10 минути и 9 секунди (24,66%) преку прилозите за анкетите спроведени од „Брима Галуп" и „Павел Шатев", изјави на инвеститори и прилогот во кој се пренесува видео објавено на порталот „Република" со изјава на лидерот на српската партија „Двери", Срѓан Ного, со обвинувања дека СДСМ ја копирале нивната кампања. Овој прилог е емитуван на 1 декември, а репризиран на 4 декември. Методолошката категорија *Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари* застапена е со 3 минути и 58 секунди (9,64%), во двата прилози со изјава на српскиот политичар Срѓан Ного и во прилогот – Европратеници: Партиите се подготвени за фер и демократски избори, во кој се емитувани изјави од Иво Вајгл, Кнут Флекенштајн и Едуард Кукан.

Од политичките партии и коалиции во оваа тема се појавуваат, Коалицијата предводена од СДСМ застапена со 2 минути и 57 секунди (7,17%) во пренесените прилози од „Република", а Коалицијата ВМРО за Македонија со 1 минута и 21 секунда (3,28%) во прилогот во кој е емитувана реакција од претседателот на општинскиот огранок на Достоинство, Јордан Атанасов.

Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ добила најмногу време за директни обраќања во сите прилози со информативни жанрови – 55 минути и 43 секунди (46,08%). Втора по ред е Коалицијата предводена од СДСМ со 36 минути и 10 секунди (29,91%). Сите други субјекти, имаат по помалку од 10 минути (Табела 2).

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ХДТВ КАНАЛ ПЛУС | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција СДСМ и др. | 00:36:10 | 29.91 % |
| ДИК и други органи | 00:04:29 | 3.71 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:55:43 | 46.08 % |
| Влада на РМ | 00:06:45 | 5.58 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:05:26 | 4.49 % |
| Локална самоуправа | 00:03:37 | 2.99 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:04 | 2.54 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:34 | 3.78 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:07 | 0.92 % |
| | **Вкупно: 02:00:55** | **100 %** |

Авторските коментари, осврти и други прилози во кои се изнесуваат ставови зафаќаат дополнителни 7 минути и 48 секунди од времето во Вестите во 20 часот, кое не е составен дел на Табела 1.

На 28 ноември со почеток во 20 часот и 5 минути, во вестите е емитуван осврт со наслов„ За што зборува Заев кога вели редефинирање на државата", во кој има негативна рамка за СДСМ. Освртот е базиран на веста што ја пренесува агенцијата МИА од албанскиот Топ Канал дека во Тирана е формирана Унија на албанските општини. Во освртот тоа се толкува како „увертира за формирање голема Албанија" и се поврзува со изјавите на претседателот на СДСМ, Зоран Заев, дадени на неговата средба со дијаспората во Берн. Во најавата на прилогот се вели, цитирано: *„Најавите на опозицискиот лидер Зоран Заев, од Швајцарија за проширување на рамките на Охридскиот договор, воведување на двојазичност и кантонизација на Македонија кои можат да се прочитаат и во делови во програмата на СДСМ, стануваат реалност".* Во продолжение на прилогот се емитуваат делови од изјави на Зоран Заев, проследени со констатација на новинарката, цитирано: *„Лидерот на опозицијата веќе подолго време работи на неповратен процес на федерализација на Македонија. Ова што сега се случува е долго планирано и има подлога создавана подолго време. За тоа говори и фактот што целиот план Заев го има напишано и во неговата програма"*, без детали во кој дел од програмата е напишано тоа.

Истиот прилог е објавен и во централниот информативен блок на 4 декември со почеток во 20 часот и 13 минути.

На 8 декември со почеток во 20 часот и 14 минути во Вестите во 20 часот емитуван е прилогот „Во 2011 со отворени писма и навреди, денес коалициони партнери" во кој има негативна рамка за Коалицијата ВМРО за Македонија. Во најавата на прилогот кој е базиран на текст објавен на интернет порталот „Македонска нација", стои, цитирано: *„Многупати се случува политичарите да си го променат ставот, партијата или странатa. Еден од ваквите случаи е и лидерот на Обединети за Македонија, Љубе Бошкоски и лидерот на Достоинство, Стојанче Ангелов кои денес се коалициони партнери, а во 2011 година, веб порталот „Македонска нација" не потсети дека беа со прилично различни ставови".* Пренесувајќи го текстот од порталот со изјавите на Бошкоски и на Ангелов од 2011, медиумот изнесува свој став, цитирано: *„Токму овие двајца коалициони партнери денес на граѓаните им ветуваат стабилна и безбедна Македонија, а на младите им ветуваат подобра иднина. На три дена пред изборите оваа Коалиција од страна на двајцата коалициони партнери Љубе Бошкоски и Стојанче Ангелов, се надеваат на 15 пратеници, а на 11 декември граѓаните ќе одлучат дали ќе и дадат поддршка на Коалицијата ВМРО за Македонија".*

На 9 декември со почеток во 20 часот и 1 минута во Вестите во 20 часот е емитуван прилогот „Коалиција од мали партии за помош на планот за редефинирање на Македонија" со негативна рамка за Коалицијата ВМРО за Македонија. Во прилогот, медиумот ја пренесува изјавата на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски и го изразува ставот дека Коалицијата ВМРО за Македонија, како што е изнесено во најавата, цитирано: *„има за цел поддршка на СДСМ и редефинирање на државата"*. Новинарот нагласува дека Љубчо Георгиевски изјавил дека „планира да коалицира со Заев" и констатира, цитирано: *„ова води до поддршка за ветувањата за двојазичност, промена на уставот и редефинирање на државата кои ги афирмираат Зоран Заев и СДСМ"*.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во периодот за мониторинг од 21 ноември до 9 декември, емитувана е една дебатна емисија, *Кворум со Бојана Димитриевска*. Тема на дебатата беше „Денеска и официјално стартува кампањата". Гости во студиото беа Виктор Грозданов, поранешен претседател на Асоцијацијата на приватни медиуми и новинарот Љубиша Николовски.

*Интервјуа*

На 21 ноември 2016 година, со почеток во 13 часот емитувана е емисијата *Пулт со Славица Арсова*, преземена содржина од Радио Слободна Македонија. Гостин беше Цветин Чилиманов – член на Привремената комисија за следење на медиумското претставување. Теми беа: изборите во Македонија, изборната кампања, кои се главните адути на македонските политички партии и дали научија нешто македонските лидери од кампањата и изборите во САД?

На 24 ноември 2016 година, со почеток во 13 часот емитувана е емисијата *Круг со Мајран Николовски*, преземена содржина од Радио Слободна Македонија, на тема: „Политичката состојба и изборната кампања и се она што се случуваше околу изборниот процес". Гостин во студиото беше Никола Србов, политички аналитичар. Репризи на ова интервју се емитувани на 26 ноември во 13 часот и на 28 ноември во 8 часот.

На 28 ноември во 17 часот и 15 минути емитувано е интервју со Илија Димовски, носител на кандидатската листа за пратеници во ИЕЗ на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза беше емитувана на 4 декември во 12 часот и 50 минути и на 9 декември во 17 часот и 30 минути.

Веднаш по интервјуто со Илија Димовски, во 18 часот емитувано е интервју со Благој Бочварски, кандидат за пратеник во ИЕЗ од Коалицијата предводена од СДСМ. Реприза е емитувана на 4 декември во 13 часот и 23 минути.

На 29 ноември во 17 часот и 14 минути прикажано е интервју со Стевчо Јакимовски, претседател на партијата ГРОМ која е дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза е емитувана на 3 декември во 17 часот и 30 минути.

Истиот ден во 18 часот прикажано е интервју со Владимир Милошев, претставник од Коалицијата предводена од СДСМ. Реприза е емитувана на 3 декември во 18 часот.

На 30 ноември во 17 часот и 22 минути емитувано е интервју со Никола Мицевски, кандидат за пратеник во ИЕЗ од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Реприза е емитувана на 3 декември во 18 часот и 40 минути

Истиот ден во 18 часот, емитувано е интервју со Љупчо Николовски, носител на кандидатската листа за пратеници во ИЕ3 на Коалицијата преводена од СДСМ. Реприза од ова интервју е емитувано на 3 декември и 9 декември во 18 часот и 5 минути

На 1 декември во 17 часот и 23 минути емитувано е интервју со Трајче Димков, кандидат за пратеник во ИЕ3 од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Веднаш по ова интервју, емитувано е интервју со Јагода Шахпаска, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ и кандидат за пратеник во ИЕ3.

На 2 декември во 13 часот емитувана е емисијата *Круг со Марјан Николовски*, преземена содржина од Радио Слободна Македонија. Гостин во емисијата е поранешниот амбасадор и дипломат од кариера, Ристо Никовски. Тема на разговор беше политичката криза во Република Македонија и претстојните парламентарни избори. Репризи се емитувани на 3 декември и 6 декември во 8 часот наутро.

Истиот ден во 17 часот и 19 минути емитувано е интервју со Игор Иванов, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. По ова следува интервју со Сашко Костов, кандидат за пратеник од Коалицијата предводена од СДСМ.

На 5 декември во 17 часот и 21 минута емитувано е интервју со Магдалена Манаскова, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Веднаш по ова емитувано е и интервју со Јулијана Николова, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ.

На 6 декември во 18 часот и 4 минути, емитувано е интервју со Страшо Ангеловски, претседателот на партијата МААК која е дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

На 7 декември емитувана е емисијата *Пулт со Славица Арсова, преземена од Радио Слободна Македонија* во која гостува Владимир Голубовски, претседател на ВМРО ДП и пратеник во првиот парламентарен состав во Собранието и еден од основачите на ВМРО ДПМНЕ. Партијата ВМРО ДП е дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

Истиот ден, во 17 часот и 32 минути емитувано е интервју со Емил Димитриев, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Веднаш по ова, емитувано е интервју со Марија Џонс, носител на пратеничка листа на партијата Левица.

На 8 декември почнувајќи од 17 часот и 28 минути емитувано е интервју со Панче Иванов, претставник на Коалицијата предводена од СДСМ. По ова емитувано е интервју со Емилија Александрова, претставник на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

*Други информативни програми*

На 22 ноември 2016 година, со почеток во 13 часот, на ХДТВ Канал Плус емитувана е авторската емисија *За дипломатијата со Никовски*, преземена од Радио Слободна Македонија. Водителот говори на неколку теми од светската политика, посетата на Обама во Атина и доаѓањето на Трамп како претседател на САД, коментари за изјавите на претседателот на СДСМ, Зоран Заев и др. Оваа емисија е репризирана на 24 ноември 2016 година во 8 часот.

Во периодот од 25 ноември до 9 декември, емитувани се 3 премиерни изданија на емисијата *Квинтесенција со Ацо Станковски*, преземен проект од Радио Слободна Македонија. Во емисиите пошироко се опфатени разнородни, глобално актуелни теми, со посебен нагласок на претседателските избори во САД и парламентарните избори во Република Македонија. Репризи на *Квинтесенција со Ацо Станковски* се емитувани во периодот од 26 ноември до 9 декември.

***<u>Други програми</u>***

На 1 декември во 14 часот прикажани се првиот и вториот дел од документарниот филм за Џорџ Сорос – „*Светот по Сорос*". Сценаристи на документарниот филм се Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков, а во него учествуваат Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Миленко Неделковски и др.

Двата дела од документарниот филм „*Светот по Сорос*" репризно се емитувани на 2 декември со почеток во 6 часот и 50 минути, на 3 декември во 14 часот, на 4 декември во 21 часот и 32 минути, на 5 декември во 6 часот и 46 минути, на 6 декември во 14 часот и 3 минути, на 7 декември во 21 часот и 45 минути и на 8 декември во 6 часот и 51 минута.

***Сектор за програмски работи***